ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2017 ГОДИНА НА

# АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ
# АКТИВНОСТИ (787)

01 2018 03 09/2

**Скопје, март 2019 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 9 |
| Биланс на приходи и расходи | 10 |
| Биланс на состојба | 11 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 12 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 13 - 13 |
| - Сметководствени политики | 13 - 15 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 15 - 21 |
| Забелешки на нацрт извештај | |
| Одговор на забелешки | |

Кратенки користени во извештајот:

АФ – Агенција за филм;
РМ – Република Македонија;

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:14-14/9

Дата: 11.03.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за филм на Република Македонија (во понатамошниот текст АФ) – сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2017 година.

Ревизијата изрази неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2017 година, како и неповолно мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Во изминатиот период не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Агенцијата за филм на Република Македонија – сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) .

Со ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за филм на Република Македонија сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2017 година е констатирано следното:

- Неправилностите искажани во точките од поглавјето Финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност и точката 4.4 - Користење на средствата согласно законски прописи од Нацрт извештајот за сметка на основен буџет (603) се однесуваат и за сметката од самофинансирачки активности;

- Склучен е договор за финансирање на проектот/играната серија Македонија и три анекси на договорот само за првата сезона, истата воопшто не е реализирана, а исплатени се средства во износ од 68.000 илјади денари, од кои еден дел се вратени, а до денот на ревизијата не се вратени средства во износ од 49.332 илјади денари;

- Пописот на средствата и обврските не е извршен на начин не е извршен на начин како што е предвидено во законските и подзаконските акти.

Од страна на одговорното лице на Агенцијата за филм на Република Македонија за дел од периодот предмет на ревизија, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани е одлучено дека забелешката на точка 3.1.1. не се прифаќа од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдените состојби во извештајот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за филм на Република Македонија на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за филм на Република Македонија на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787)за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на АФ застапувана од:

- Мими Ѓоргоска –Илиевска, директор на АФ од 03.11.2015 година до 03.08.2017 година
- Горјан Тозија, директор на АФ од 03.08.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и процената на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско

известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 13.08. до 23.11.2018 година кај Агенцијата за филм на Република Македонија од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 30.11.2018 година.

На ден 12.02.2019 година добиено е писмо број 14-14/16 од одговорното лице на Агенцијата за филм на РМ за дел од периодот предмет на ревизија со кое не известува дека Нацрт извештајот од страна на Агенцијата и е доставен на 31.01.2019 година поради што бара дополнително време за одговор заклучно со 01.03.2019 година кога и ги доставила забелешките број 14-14/7 од 01.03.2019 година на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, број 14-14/2 од 03.01.2019 година,.
Забелешките се однесуваат на констатираните состојби во точката 3.1.1. , истите се разгледани и не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдените состојби во извештајот.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон Конечниот извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

**Финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност**

Согласно одредбите на член 25 од Законот за филмската дејност, АФ на РМ за финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност секоја година во месец јануари објавува конкурс кој трае во текот на целата година , а одлучува по доставените филмски проекти на конкурсот два пати годишно во април и октомври месец тековната година. Согласно Буџетот на Министерството за култура на РМ за 2017 година во програмата 31-Филмска дејност во основниот буџет предвидени се средства во износ од 145.126 илјади денари, а во буџетот на сметката од самофинансирачки активности предвидени се средства во износ од 238.900 илјади денари. Средствата во оваа програма се предвидени за целокупното работење на Агенцијата. Во текот на 2017 година за

активностите на Агенцијата (доделување финансиски средства за филмски проекти, играни серии, учество на фестивали, учество во филмски работилници, промоција на филмски проекти и други активности утврдени со ЗФД) од сметката на основниот буџет исплатени се вкупно 127.693 илјади денари, а од сметката на самофинансирачки активности исплатени се 79.397 илјади денари. Имајќи ја во предвид спецификата при реализација на филмските проекти чие финансирање од страна на Агенцијата е повеќегодишно со ревизијата се опфатени филмски проекти чие финансирање е отпочнато од 2013 година до денот на ревизијата. Со ревизијата се опфатени 10 долгометражни филмови, еден документарен филм и еден фестивал, како и 18 долгометражни филмови чие финансирање е отпочнато од 2010 година па се до 2017 година кога е прекинато финансирањето и раскинати се договорите. Вкупно исплатени средства за овие филмови заклучно со денот на ревизијата се 329.941 илјади денари и тоа од сметката на основниот буџет 190.102 илјади денари и од сметката за самофинансирачки активности 139.839 илјади денари. Неправилностите искажани во точките од поглавјето - Финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност и точката 4.4 -Користење на средствата согласно законски прописи од Нацрт извештајот за сметка на основен буџет (603) се однесуваат и за сметката од самофинансирачки активности имајќи во предвид дека е склучен еден договор, се доставува една документација од страна на продуцентските куќи, а плаќањето е извршено дел од сметката на основен буџет и дел од сметката на самофинансирачки активности. Поразлична состојба е искажана за следното:

**Финансирање на проект играна серија Македонија**

3.1.1.Врз основа на спроведена постапка по Конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност-поддршка на производство на други аудиовизуелни дела-играни серии, бил склучен Договор за финансирање на проектот/играната серија Македонија број 03-254/3 од 10.02.2016 година, на износ од 283.000 илјади денари. При увидот во документацијата која произлегува од реализација на филмскиот проект, ревизијата ја констатира следнава состојба:

- Согласно договорот, за оваа играна серија биле планирани 4 сезони, со вкупно 130 епизоди, вкупен буџет на проектот во износ од 315.163 илјади денари, а вкупно одобрени средства од АФМ во износ од 283.000 илјади денари. Финансирањето на играната серија би било повеќегодишно, по сезони, со предвидена динамика на исплата на средствата по сезони, односно до најмногу 85.000 илјади денари за реализација на прва сезона, до најмногу 70.000 илјади денари за реализација на втора сезона, до најмногу 64.000 илјади денари за реализација на 3 и исто толкав износ за реализација на 4 сезона. Според Оперативниот план, подготовките за производство на првата

сезона, продукцијата (снимањето) на првата сезона и завршувањето на истата би биле од 01.02.2016 до 15.03.2017 година, додека пак за целосна реализација на сите сезони како датум бил определен 01.03.2020 година.

- заради намалување на бројот на епизоди на играната серија, од вкупно 130 епизоди, на 80 епизоди, бил склучен првиот Анекс за изменување и дополнување на Основниот договор од 26.10.2016 година. Со овој Анекс договор, било договорено да се реализираат 14 епизоди во првата сезона и по 22 епизоди во втората, третата и четвртата сезона.
- Со вториот Анекс за изменување и дополнување на Основниот договор бил утврден буџетот, динамика на реализација, листа на автори и сценарија од епизодите од првата сезона. Во однос на Буџетот, иако се намалени епизодите од првата сезона, тој останува ист, односно нема намалување на средствата одобрени од АФ, сразмерно на намалениот број на епизоди во првата сезона. Во однос на динамика на реализација, има промена во реализација на првата сезона, односно било договорено да заврши март/април 2017 година и за листата на автори исто така има промени, односно во пријавата како режисери односно сценаристи се наведени едни, а со овој Анекс се утврдени други лица.
- На ден 23.11.2016 година, извршена е исплата на средства за реализација на првата сезона, во висина од 68.000 илјади денари од сметката на самофинансирачки активности, што претставуваат 80% од вкупниот износ одобрен за реализација на првата сезона (85.000 илјади денари),
- Третиот Анекс на основниот Договор е склучен по истекот на динамичниот план за првата сезона, наведен во вториот Анекс договор, со кој се одобрува нова промена на динамиката на реализација на првата сезона, односно со новата динамика на реализација, најкасно првата сезона требала да заврши и дистрибуира до 04.09.2017 година.

Поради неисполнување на договорениот рок за реализација на првата сезона, недоставување на бараните документи во определениот рок и оневозможување на надзор над целокупната документација за проектот како и финансиското работење кај продуцентот поврзано со проектот, директорот на Агенцијата донел Одлука од 27.09.2017 година со која го раскинал договорот за финансирање на проектот како и трите анекси на договорот, која е потврдена со Одлука од 02.05.2018 година донесена од Управниот одбор, со задолжение да се вратат средствата во вкупен износ од 68.000 илјади денари. Поради раскинувањето на договорот и сите анекси кои што се склучени, преземени се активности за поврат на средствата што се исплатени, при што на ден 21.11.2017 година извршен е поврат на средства во износ од 18.668 илјади

денари, а останати средства во износ од 49.332 илјади денари до денот на ревизијата не се вратени.
Ваквата состојба на склучување на договор за финансирање на проектот/играната серија Македонија и три анекси на договорот само за првата сезона, а таа воопшто не е реализирана, создава ризик од незаконско и ненаменско користење на средства, посебно што за оваа играна серија поведени се постапки пред надлежните органи и крајниот исход од истите не е познат до денот на ревизија.

3.2. **Финансиски извештаи**

3.2.1. Со увид во пописниот материјал за извршениот попис на средствата и обврските на 31.12.2017 година со ревизијата е утврдено следното:

- Не е извршен попис на Нематеријалните средства, иако во сметководствената евиденција се евидентирани нематеријални средства;

- Основните средства во сметководствената евиденција не се евидентирани по инвентарни броеви, иако секое средство е одбележано со инвентарен број што го отежнува извршувањето на пописот и бара дополнително време;

- Пописот на паричните средства во денарската и девизната благајна не е извршен со броење според апоени, туку само е констатирано салдо во благајните, ниту пак истите се запишани во посебни пописни листи;

- Пописот на побарувањата и обврските е извршен со преземање на состојбите од сметководствената евиденција, без да се утврди правниот основ за нивното постоење, состојбата на ненаплатените побарувања и преземените обврски, нивното уредно, хронолошки и правилно евидентирање во сметководствената евиденција;

Од горенаведената состојба се констатира дека пописот на средствата и обврските со состојба на 31.12.2017 година не е извршен на начин како што е предвидено во одредбите на член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 21-35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
Непреземањето на активности и мерки и непочитувањето на законските и подзаконски акти за спроведување на пописот предизвикува неможност да се утврди фактичката состојба на средствата и изворите на средствата во Билансот на состојба, да се изврши усогласување на фактичката со сметководствената евиденција и за евентуално утврдените разлики да се изјасни одговорното лице.

Препораката по точката 4.3.1. од извештајот за сметката на основен буџет (603), се однесува и за констатираните состојби од оваа точка.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 3.1, и 3.2. се однесуваат на слабости во врска со исплатата на средства за финансирање на проекти во филмската дејност и слабости во делот на пописот на средствата и нивните извори.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2, финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за филм на Република Македонија на ден 31 декември 2017 година – сметка на буџет од самофинансирачки активности 787, како и финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за филм на Република Македонија – сметка на буџет од самофинансирачки активности 787, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Агенција за филм на РМ**

**Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година**

| | | | **во 000 денари** |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2017** | **2016** |
| **Приходи** | 3.1 | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1 | 64.978 | 70.533 |
| Трансфери и донации | 3.1.2 | 140.761 | 219.337 |
| **Вкупно приходи** | | **205.739** | **289.870** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2 | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 6.373 | 4.740 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2 | 79.397 | 144.337 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **85.770** | **149.077** |
| **Капитални расходи** | 3.3 | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 211 | 32 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **211** | **32** |
| **Вкупно расходи** | | **85.981** | **149.109** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.4 | **119.758** | **140.761** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 3.5 | 8 | 14 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | 3.6 | **119.750** | **140.747** |

**Агенција за филм на РМ**

**Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2017 | 2016 (во 000 денари) |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **3.1** | | |
| Парични средства | 3.1.1 | 119.758 | 140.761 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 3.1.2 | 52.637 | 32.322 |
| Побарувања од вработените | 3.1.3 | 304 | 186 |
| Побарувања од државата и други институции | 3.1.4 | 12 | 20 |
| Активни временски разграничувања | 3.1.5 | 259.228 | 426.312 |
| **Вкупно тековни средства** | | **431.939** | **599.601** |
| **Постојани средства** | 3.2 | | |
| Нематеријални средства | 3.2.1 | 14 | 19 |
| Материјални средства | 3.2.2 | 573 | 429 |
| **Вкупно постојани средства** | | **587** | **448** |
| **Вкупна актива** | | **432.526** | **600.049** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **3.3** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 3.3.1 | 78 | 293 |
| Краткорочни финансиски обврски | 3.3.2 | 259.131 | 426.025 |
| Обврски спрема државата и други институции | 3.3.3 | 19 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 3.3.4 | 172.711 | 173.283 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **431.939** | **599.601** |
| **Извори на средства** | **3.4** | | |
| Извори на капитални средства | 3.4.1 | 587 | 448 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **587** | **448** |
| **Извори на други средства** | | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **432.526** | **600.049** |

**Агенција за филм на РМ**

**Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)**

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2017 година** | **448** | - | **448** |
| **Зголемување по основ на:** | **220** | - | **220** |
| Набавки | 211 | | **211** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | 9 | | **9** |
| **Намалување по основ на:** | **81** | - | **81** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на амортизација | 3 | | **3** |
| Амортизација | 78 | | **78** |
| **Состојба 31.12.2017 година** | **587** | - | **587** |